Финансирано од
Европска Унија

Проектот е ко-финансиран од Шведска

# Повик за целосна реконструкција на веб страната на Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска-Скопје

www.zdruzenska.org.mk

**Вовед:**

Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска-Скопје во рамките на Проектот: **„Жените го преземаат водството во локалните заедници“** поддржан од ЕУ и спроведуван во партнерство со The Kvinna till Kvinna Foundation и Хуманитарно Здружение „Мајка“ - Куманово, има потреба од редизајн и реконструкција на веб страната www.zdruezenska.org.mk во насока на модернизација и олеснат пристап до содржини.

Проектот има за цел да создаде услови за жените да учествуваат целосно и ефективно во развојот на еднакво и демократско општество во согласност со реформите поврзани со ЕУ преку зголемени капацитети на локалните женски организации и жените лидери во заедниците за целосно учество во процесите и на донесување политики и одлуки и реформите и преку подобрен пристап до можностите за застапување на локални и национално ниво.

**Опис на работата:**

- Анализа на постоечката веб страна со препораки за оптимизирање и осовременување на дизајнот и функционалностите во насока на:

    Поедноставување на менито и навигацијата

    Респонзивен дизајн - оптимизација за сите уреди и брзо споделување на информациите на социјалните медиуми

    Подобрување и дополнување на функционалности, на пр. можност за вршење на електронски плаќања (донации), можност за автоматско известување за новостите во форма на е-билтен со претходна регистрација
    SEO оптимизација - оптимизација на пребарувачот за поголема видливост.
    Аналитика - Интеграција со Google Analytics за следење на податоците на корисниците и ангажманот.

- Реконструкција и реорганизација на постоечката содржина

- Мултијазична поддршка – содржината треба да биде достапна на македонски и англиски јазик

- Техничко одржување

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

**Техничко одржување опфаќа:**

- Техничко одржување на виртуелниот приватен сервер каде што се хостира site-ot (инсталација и конфигурација на оперативен систем и доделување на IP адреса)
- Дневен Back up на податоци
- Restore на податоци
- Чистење на диск од непотребни логови и/или back up фајлови
- Техничкото одржување треба да опфати и одредени промени/модификации на постоечките модули и функционалности најмногу до 5 часа во месецот

**Дополнителни карактеристики:**

• CMS (Систем за управување со содржина): Би сакале страницата да биде изградена на платформа како WordPress, Drupal или слична CMS за лесно ажурирање.
• Безбедност: Имплементација на SSL сертификати и други безбедносни мерки.

**Клучни испораки:**

• Целосно функционална веб-локација
• Кориснички интерфејс и дизајн (UI/UX)
• CMS интеграција за лесно ажурирање
• Тестирање и дебагирање
• Обука за нашиот тим за управување со ажурирањата на содржината

**Временска рамка:**

Се надеваме дека ќе ја отвориме реконструираната веб-локација до **31.12.2024.** Ве молиме наведете временска проценка за дизајн, развој и тестирање.

**Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:**

1. Детален преглед на трошоците
2. Временска рамка на испораки
3. Портфолио на слични проекти
4. Вашиот пристап кон дизајнот и развојот
5. Опции за поддршка и одржување по лансирањето

Ве молиме вашата понуда да ја испратите најдоцна до **25.10.2024** по електронска пошта на: **zdruzenska@t.mk**

Оваа активност е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од Шведска, а имплементиран од The Kvinna till Kvinna Foundation во партнерство со Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, Скопје и Хумантарно здружение Мајка, Куманово. Содржината на овој документ е единствена одговорност на The Kvinna till Kvinna Foundation и партнерите, и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.